Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 377//0306
10.11 20 25 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 24.10.2025 година, врз основа на примена жалба од Дејан Сипковски ја донесе следнава:

**ОДЛУКА**

**ЖАЛБАТА Е РЕШЕНА – МЕДИУМОТ ПОСТАПИ**

**ПО БАРАЊАТА НА ЖАЛИТЕЛОТ**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

Жалителот до СЕММ на 11.10.2025 г., упати жалба за текстот со наслов „**ИЗБЕГА ОД КУЌЕН ПРИТВОР, СЕ РАЗНЕСЕ ВО ИЗНАЈМЕН СТАН ВО БЕЛГРАД На загинатиот манекен Сипковски му се судеше за обид за убиство**“, објавен од интернет порталот – онлајн медиум Плусинфо.мк (plusinfo.mk) на 08.10.2025 г., при што се жали на изнесени невистинити и тешки тврдења со кои грубо се нарушува угледот и честа на покојниот Мартин Сипковски, како и на неговото семејство.

Во жалбата, која всушност е допис до медиумот со барање текстот да биде повлечен и да биде објавен демант, меѓу другото се наведува:

Во текстот се наведуваат сериозни и неосновани обвинувања за наводни кривични дела и активности, без наведување на конкретен и проверлив извор, ниту официјален документ или изјава на надлежен орган. Таквото известување претставува клевета и навреда во смисла на член 6 и член 7 од Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета.

Во жалбата на СЕММ не му е доставена целата содржина во пдф формат (компјутерски скриншот од текстот и линкот од објавата, односно линк од кој се гледа дека текстот е отстранет од веб страната на медиуот, па Комисијата нема увид во целосната содржина на текстот), а доставено е образложение на жалителот.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со востановената процедура (член 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби), по приемот на жалбата стапи во контакт со медиумот и побара да се изјасни по однос на наводите во жалбата.

Притоа, го потсети медиумот и на можноста случајот да се реши по пат на медијација, пред да биде разгледуван од членовите на Комисијата за жалби. На медиумот детално му беа појаснети наводите на жалителот и основите по кои смета дека е постапено непрофесионално при известувањето.

До СЕММ во предвидениот рок му беше доставен беше доставен одговор од медиумот во кој се наведува дека е постапено по барањето на жалителот и се согласуваат на медијација:
По писмено обраќање на жалителот г-н Сипковски, Редакцијата постапила по неговите барање и во рокот што тој го задал, го сторила следново:

- Ја отстранила оспорената содржина од сајтот (затоа сега не е достапна);
- Го информирала жалителот по електронска пошта за изворите (порталите) од каде е преземена оспорената содржина и му доставила четири линкови;
- Во дописот до жалителот констатирала професионален пропуст поради неизвршена проверка на фактите во преземената содржина;

- Објавила демант, со сите наводи на жалителот и со јавно извинување поради наведениот професионален пропуст.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби одлучи да не утврдува прекршување за содржината на текстот со наслов „ИЗБЕГА ОД КУЌЕН ПРИТВОР, СЕ РАЗНЕСЕ ВО ИЗНАЈМЕН СТАН ВО БЕЛГРАД На загинатиот манекен Сипковски му се судеше за обид за убиство", објавен од интернет порталот – онлајн медиум Плусинфо.мк (plusinfo.mk) на 08.10.2025 г., бидејќи медиумот самиот ја корегирал грешката врз основа на барањата на жалителот, го отстранил текстот од Веб страната и го објавил демантот.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

Комисијата ги разгледа фактите поврзани со случајот и утврди дека станува збор за текст со информации околу смртта на македонски државјанин во Белград при нејасни околности на активиран експлозив – вест со делумен јавен интерес.

Комисијата сака да нагласи дека немаше увид во целиот текст затоа што жалителот не успеа да достави компјутерски скриншот. Но сепак, поаѓајќи од одговорот на медиумот, Комисијата констатира дека редакцијата сторила се што е во нејзината моќ веднаш да одговори на барањата на жалителот, денови пред Комисијата да расправа за случајот. Го повлекле текстот, го информирале жалителот за изворите на информирање, објавиле демант со сите наводи на жалителот и со јавно извинување за направениот пропуст.
Бидејќи сите овие постапки се направени веднаш по сознанието на медиумот за барањата на жалителот и денови пред да расправа Комисијата на жалби при СЕММ, Комисијата оцени дека нема потреба да утврдува прекршување на Кодексот на новинарите на Македонија. Медиумот постапил токму во духот на саморегулацијата чија крајна цел е зголмеување на довербата меѓу јавноста и медиумите.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата едногласно одлучи како што е погоре наведено. Во работата на Комисијата учествуваа членовите: Снежана Трпевска, Сефер Тахири, Тамара Чаусидис, Жана Божиновска, Мирче Адамчевски и Димитар Мицев.

Со почит,

Совет за етика во медиумите
на Македонија

Претседателка на Комисијата за жалби
Снежана Трпевска

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595